# Политика за приватност за користење на веб страна

## СОДЖИНА


ВОВЕД ........................................................................................................................ 2

КОНТРОЛОР ................................................................................................................ 2

КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗА КОЈА ЦЕЛ ГИ СОБИРАМЕ ОД ВАС? .......................................2

КАКО ГИ СОБИРАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ? ........................................................... 4

КАКО ЌЕ ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ..................................................... 4

ЗАКОНСКИ ОСНОВ ...................................................................................................... 4

КОЛКУ ДОЛГО ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ? ................................................ 5

КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА? .............................................................................................. 5

## ВОВЕД

НЕОТЕЛ АД Скопје посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со Законот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија.

Оваа политика за приватност на НЕТЕОЛ АД Скопје (во понатамошниот текст: Неотел) содржи информации за видовите податоци кои може да ги собереме и задржиме при посета на нашата веб-страница, како и на кој начин се користат и со кого се споделуваат тие податоци. Политиката за приватност на Неотел го содржи и начинот на кој можете да нè контактирате доколку имате прашања или сте загрижени за овие податоци. Оваа Политика за приватност е во согласност со законските прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија.

## КОНТРОЛОР

Контакт податоци на Контролорот се:

- НЕОТЕЛ АД Скопје
- Ул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, 1000 Скопје.
- Телефонски број: 02/55 11 100
- Интернет страна: https://neotel.mk/
- E-mail адреса: info@neotel.mk

## КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗА КОЈА ЦЕЛ ГИ СОБИРАМЕ ОД ВАС?

Неотел е контролор на личните податоци кои што Вие (како субјект на лични податоци) ни ги давате. При посета на нашата веб-страна и користење на нашите веб услуги, обработуваме различна количина на личните податоци за различни цели, па така:

*3.1 Онлајн склучување на претплатнички договор:*

- Име и презиме
- Адреса на живеење
- Контакт телефон за портирање
- ЕМБГ
- Електронска адреса
- Адреса на инсталирање на услугата

*3.2 Онлајн барање за дополнителен ТВ пакет:*

- Име и презиме
- Референтен број
- Електронска адреса

*3.3 Онлајн проверка на техничка можност за обезбедување на услуга:*

- Име и презиме
- Адреса на живеење
- Контакт телефон
- Електронска пошта

*3.4 Онлајн барање за електронска фактура*

- Име и презиме
- Референтен број
- Електронска пошта

*3.5 Колачиња*

Заради правилно функционирање на основните функции на веб-страната, обезбедување информации за бројот на посетители, функционалност и рекламирање, Неотел користи колачиња на https://neotel.mk/.

Неотел ги користи само горенаведените колачиња. Колачињата се кориснички податоци кои веб пребарувачот ги зачувува на вашиот уред (компјутер) заради идни посети. Колачето е информација која се зачувува на вашиот компјутер за време на посета на нашата веб-страна и кога повторно ќе ја отворите нашата веб-страна овие колачиња ќе се искористат за подобрување на корисничкото искуство и ефикасност на веб-страната. Повеќе за користење на колачињата може да најдете во нашата Политка за колачиња.

## КАКО ГИ СОБИРАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

Вие директно ни ги давате личните податоци кои ги собираме за да непречено се одвиваат активностите за време на услугите кои вие ги барате од нас.

## КАКО ЌЕ ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Неотел ги собира Вашите лични податоци за да Ви ги овозможи онлајн горенаведените услуги. Вашите лични податоци, освен од Неотел, не се обработуваат од трети страни. Хостирањето и чувањето на Вашите лични податоци се одвива на податочен центар кој е лоцирано во Република Северна Македонија.

Ниедна трета страна нема пристап до Вашите лични податоци, освен во случај на специфично законско барање.

## ЗАКОНСКИ ОСНОВ

Законскиот основ за обработка на Вашите лични податоци за наведените активности е различен.

Па така, за целите на онлајн склучување договор, барање за дополнителен ТВ пакет, активирање на електронска фактура, онлајн проверка на техничка можност за обезбедување на услуга,

електронско плаќање и електронска сметка, обработката на вашите лични податоци е потребна за исполнување на договор во кој што Вие сте договорна страна или за активности коишто му претходат на договорот. Во овој случај законски основ е договорот.

Во одредени ситуации, обработката на Вашите лични податоци може да биде и законска обврска на Неотел.

## КОЛКУ ДОЛГО ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

Согласно интерните прописи на Неотел, за различни активности личните податоци имаат различен рок на чување.

- Онлајн склучување на претплатнички договор – 6 месеци
- Онлајн барање за дополнителен ТВ пакет – 6 месеци
- Онлајн проверка на техничка можност за обезбедување на услуга - 6 месеци
- Електронско плаќање – 10 години
- Онлајн барање за електронска фактура – 2 години

## КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА?

*Право на пристап* – имате право да добиете потврда за тоа дали се обработуваат вашите лични податоци, како и да добиете пристап до вашите лични податоци и дополнителни информации кои се однесуваат на обработката на личните податоци.

*Право на исправка* - доколку сметате дека било кои лични податоци кои ги собираме се неточни или нецелосни, имате право да побарате и добиете исправка на неточните податоци или дополнување на нецелосните лични податоци.

*Право на бришење* – имате право да побарате да се избришат вашите лични податоци, а ние тоа барање ќе го прифатиме доколку личните податоци повеќе не се потребни за исполнување на целите, доколку приговорите на обработката и не успееме да докажеме дека нашиот легитимен интерес е поголем од вашите основни слободи и права, и доколку личните податоци се обработуваат незаконски.

*Право на повлекување на согласноста* – имате право да ја повлечете дадената согласнос во секое време, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена.

*Право на преносливост* – имате право да ги добиете вашите лични податоци во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што имате право да ги пренесете тие податоци на друг контролор. При остварување на правото на преносливост, вие имате право да добиете директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.

*Право на ограничување на обработката на вашите лични податоци* – имате право да побарате обработката да запре додека се утврдува точноста на податоците, додека се проверува дали легитимниот интерес преовладува над вашите основни права и слободи и слично.

Ако сè уште сметате дека Вашите лични податоци не се обработуваат во согласност со Законот, може да ја исконтактирате Агенцијата за заштита на личните податоци и да поднесете барање до нив.

Вашите права може бесплатно да ги остварите контактирајќи го нашиот офицер на следниот маил: ozlp@neotel.mk или на телефонскиот број 02/ 55 11 157, или да ни се обратите лично во просториите на Неотел, а ние ќе ви одговориме во рок од 30 дена.